До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање мислење.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година и 02-2451/1 од 20.07.2026 година, го даде следното

**М И С Л Е Њ Е**

Член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го утврдува значењето на поимот „судир на интереси“: Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Согласно член 8 став (2) од истиот закон: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица **и вработените во јавниот сектор**.“

Со член 72 став (1) и (2) од истиот закон е регулирано како секое службено лице треба да постапува во ситуација кога ќе се најде во состојба на судир на интереси:

Член 72 став (1) и (2)
„(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.“

Член 158-б став (1), (2) и (3) од Законот за супервизија на осигурувањето го предвидува следното:
„(1) Агенцијата ги има следниве надлежности:
1) спроведува супервизија на друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурувањето, осигурителните брокери, застапниците во осигурувањето и Националното биро за осигурување;
2) издава и одзема дозволи, согласности и лиценци врз основа на овој закон и другите закони во нејзина надлежност;
3) изрекува мерки на супервизија согласно со закон;“

Член 158-ж став (6) од истиот закон:
„(6) Претседателот и членовите на Советот на експерти и вработените во Агенцијата за време на траењето на нивниот мандат, односно работен однос не смеат да примаат никакви надоместоци или плаќања, да прифаќаат функција или вработување или да даваат какви било услуги на субјектите врз кои спроведуваат супервизија, како и лицата кои со нив се поврзани согласно со овој закон.“

Согласно цитираните одредби од Статутот на Централниот депозитар за хартии од вредност, како следат:
„Член 8
Акционери во Депозитарот можат да бидат единствено брокерски куќи, банки, осигурителни друштва или друштва за управување со фондови.

Член 10
Акционерите своите права во друштвото ги остваруваат во собранието на друштвото.
Собранието на друштвото одлучува за прашања коишто му се доверени со закон и овој Статут.

Член 15
Собранието ги бира членовите на Одборот на директори со јавно гласање.
Собранието може, на седницата на која се избираат нови членови на Одборот, да одлучи изборот да се врши со кумулативно гласање.
Одборот се состои од 8 (осум) члена, од кои 7 (седум) неизвршни и 1 (еден) извршен член.
Од редот на неизвршните членови, најмалку една четвртина треба да бидат независни членови, што се назначува при изборот.

Најмалку една третина од вкупниот број на членовите на Одборот треба да бидат лица кои не се вработени во Депозитарот или поврзани со било кој акционер, членка на Депозитарот или правно лице кое е учесник на пазарот на хартии од вредност.

Член 18
Во управувањето со друштвото Одборот на друштвото ги има особено следните овластувања:

- ја води деловната политика на друштвото;
- ја донесува Програмата за работа на друштвото и Годишниот план и дава насоки за нивно спроведување;
- ја утврдува внатрешната организација и систематизација на друштвото;
- му поднесува на Собранието нацрт на годишна сметка, нацрт на финансиски извештаи и нацрт на годишен извештај за работа на друштвото;
- одлучува за располагање со хартии од вредност;
- донесува одлуки за вложување на средства во државни хартии од вредност;
- донесува одлуки за купување и продавање на недвижности;
- одлучува за продавање и купување на основни средства;
-донесува општи акти на друштвото (Колективен договор, правилници, одлуки и др.);
- усвојува извештаи за пописот на средствата и изворите на средствата;
- именува членови на комисии;
- донесува одлуки за пласмани на средствата;
- ги утврдува предлозите по кои Собранието расправа и одлучува;
- одлучува за земање на кредити;
- одлучува по приговори на работниците како второстепен орган за правата, обврските и одговорностите на работниците од работен однос;
- свикува седници на Собранието на друштвото;
- ги извршува одлуките на Собранието;
- донесува предлог Тарифа за извршените услуги и
- врши други работи согласно закон и овој Статут како и работи во врска со водењето
и тековните работи на Депозитарот.

Член 19-в
Неизвршните членови, покрај овластувањата што со закон им се определени во вршењето на правото на надзор над водењето на работењето од страна на извршниот член на Одборот, имаат право да вршат увид и да ги проверуваат книгите и документите на Депозитарот.

Член 23
Одборот на директори на друштвото, по завршувањето на секоја деловна година, задолжително изготвува годишна сметка, финансиски извештаи и извештај за работењето на друштвото.

Член 24
Собранието на друштвото, откако ќе ја одобри годишната сметка и ќе утврди постоење на вишок на приходи врз расходи, го определува и начинот на користење."

Имајќи ги во предвид цитираните одредби од Законот за супервизија на осигурувањето, односно предвидената забрана од член 158-ж став (6) која се однесува и на вработените во Агенцијата за супервизија на осигурувањето, по што истите не треба да примаат надоместоци или плаќања, да прифаќаат функција во субјекти врз кои оваа инстиуција врши супервизија, како и лицата кои со нив се поврзани согласно овој закон, а од друга страна цитиранире одреби од Статутот на Централниот депозитар за хартии од вредност, каде лицето врши функција на независен неизвршен член на Одбор на директори, **Државната комисија е на став дека постои состојба на судир на интереси согласно член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.**

Имено, со оглед на фактот дека Агенцијата согласно член 158-б став (1) од Законот за супервизија на осигурувањето спроведува супервизија на друштвата за застапување во осигурувањето (банките), кои се сопственици на Централниот депозитар за хартии од вредност и истите своите права во друштвото ги остваруваат во собранието кое пак ги бира членовите на Одборот на директори. Одборот на директори му поднесува на Собранието нацрт на годишна сметка, нацрт на финансиски извештаи и нацрт на годишен извештај за работа на друштвото, одлучува за располагање со хартии од вредност, ги утврдува предлозите по кои Собранието расправа и одлучува, ги извршува одлуките на Собранието и слично, што всушност за Државната комисија преставува состојба на судир на интереси бидејќи службеното лице од една страна е вработено во институција која врши супервизија врз субјекти на кои од друга страна преку вршењето на функцијата во Централниот депозитар за хартии од вредност тоа лице е избрано и одговара пред истите тие субјекти.

Државната комисија укажува и на почитување на Начелото на интегритет согласно член 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
**(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.**

Претседател,

Адем Чучуљ

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk